РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено:	9.10.2023		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
02	548/1		

До

Сенатот на

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" – Охрид (УИНТ)

Охрид, 09.10.2022год.

Предмет: **Редовен 6-месечен извештај за активностите спроведени од страна на овластено лице за прием на пријави на корупција на УИНТ, за периодот април 2023 - септември 2023.**

Почитувани,

Врз основа на Законот за високо образование и Правилник за работа и надоместок за овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот (арх.бр. 01-451/1 од 25.06.2021), со одлука арх. бр. 02-566/5 од 29.07.2021, избрана сум за овластено лице на УИНТ за прием на пријави на корупција.

Согласно Правилникот, го поднесувам овој 6-месечен извештај за спроведените и планираните активности во периодот април - септември 2023 година.

1. *Спроведени активности за подостапно пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите*

- На покана на Г-динот, Сашко Колев, Виш соработник за стратешко планирање и следење на остварувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (НССКСИ), учествував на *Годишната конференција за оценка на остварувањето на НССКСИ 2021-2025*, која се одржа на 05.04.2023 година во хотелот DoubleTree Хилтон во Скопје.

  На конференцијата имаа воведни излагања:

- Билјана Ивановска, Претседателка на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК),

- Славица Грковска, Заменик на Претседателот на владата задолжен за политики на добро владеење,

- Дејвид Гир, Амбасадор на Делегацијата на ЕУ во Македонија

- Претставник на Американската Амбасада во Македонија.

Понатаму, Г-дин Владимир Георгиев, член на ДКСК, изложи Извештај за реализација на НССКСИ 2021-2025, за периодот 01.01.2022-31.12.2022г. Исто така, Г-ѓа Катица Николовска, член на ДКСК, изложуваше на тема „Проблеми и предизвици во реализацијата на НССКСИ 2021-2025". Конференцијата заврши со дискусија по излагањата.

- Во јули 2023 учествував во анкета за овластени лица за прием на пријави од укажувачи, подготвена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

2. *Тековно следење на примената на Нацрт – политиката за спречување на корупција на универзитетот и планирани активности*

Согласно донесениот акциски план, неколку значајни активности се извршени:

- Јавно објавување на донесени Правилници и други интерни акти на веб страната на УИНТ (тековно се спроведува);
- Јавно објавување на избори во звања на веб страната на УИНТ (објавени се сите досегашни избори во звања и тековно се објавуваат сите новоизвршени избори);
- Јавно објавување на Одлуките за избор на Ректор, Проректор, Декан и други функции на УИНТ на веб страната на Универзитетот (јавно е достапна преку веб страната на УИНТ целата документација во врска со изборот на Ректор, а тековно ќе бидат објавувани и одлуките за избор на декани и проректор/и);
- Информирање на вработените и студентите на УИНТ за нивните права во случај на корупција (преку објавените документи на веб страната, а дополнително се одржуваат информативни средби);
- Спроведување континуирано запознавање информирање на студентите и вработените на УИНТ со механизмите за справување со корупција и запознавање со нивните права и обврски во таквите околности (тековно).

3. *Информација за доставени пријави на корупција*

- Во извештајниот период не е доставена ниту една пријава.

Со почит,
Овластено лице за пријави на корупција,
Проф. д-р Елена Хаџиева
Е Хаџиева